До : **Државна изборна комисија**
**на Република Северна Македонија**

Предмет : **Известување за локација и ценовник за политичко рекламирање**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHETETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
СКОПЈЕ SHKUP

| Примено: Pranuar | 25 -02- 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Nj.Organizative | Број Numri | Прилог Shtojcë | Вредн. Vlera |
| 12 | 1166 / 239 | | |

Подносител : **ПРАГ 33 ДООЕЛ Битола**

Почитувани,

Правното лице **ПРАГ 33 ДООЕЛ од Битола**, со седиште во Битола, на ул. Работничка 10 а, ЕМБС 7204779, ЕДБ 4002017550419, чиј сопственик и управител е Спасе Костовски од Битола, стопанисува со 1 (еден) рекламен ЛЕД екран поставен на калкански ѕид од куќа во приватна сопственост, на **ул. Широк Сокак бр.42а, во град Битола**. Физички димензии на екранот се **3840 x 2880 mm,** а време на емитување на содржини е **18 часа** и тоа од 08 наутро до 02 по полноќ.

Согласно Член 78-а, од Изборниот Законик, почитување на правото на закуп за политичко рекламирање на транспарентен и недискриминаторски начин согласно со наведените критериуми **50%** од вкупното време (пропорционално распоредено на дневна основа) предвидено за емитување на содржини, 9 часа (или 32400 секунди) ќе биде предмет за политичко рекламирање, од кои :

**-40 % или 12960 секунди/дневно** (3 часа, 36 минути)- ќе бидат достапни на двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници на Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови,
**-40 % или 12960 секунди/дневно** (3 часа, 36 минути)- ќе бидат достапни на двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници на Собранието на Република Северна Македонија освоиле најмногу гласови,
**-10 % или 3240 секунди/дневно** (54 минути)- ќе бидат достапни на парламентарни партии кои немаат пратенички групиво Собранието на Република Северна Македонија,
**-10 % или 3240 секунди/дневно** (54 минути) - ќе бидат достапни на вонпарламентарни партии и независни кандидати во Република Северна Македонија.

Цена на чинење за платено политичко рекламирање е **0,0386 евра по секунда во денарска противвредност** без вклучен ДДВ, непроменета до завршување на целиот изборен процес.

Кон барањето за упис во прилог доставувам Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Битола, 21.02.2020

Спасе Костовски
управител

ПРАГ 33